ИИ612

Среда, 24 јуни 1998 682 ДНЕВНИК с. 5, МАКЕД

„КУЛТУРЕН" НАСТАН БЕЗ ПРЕСЕДАН

# Музејот на современата уметност организира - свадба над свадбите!

**Во Музејот на современата уметност во Скопје за в сабота навечер е закажана свадбата на Олга Костовска, ќерка на познатнот бизнисмен Трифун Костовски, и Јордан Камчев, актуелниот претседател на Кошаркарскиот сојуз на Македонија. За овој преседан, настан прв од тој вид од основањето на Музејот, директорот Зоран Петровски вели дека е организиран како дел од договорот за спонзорство меѓу едно од семејствата и МСУ. Во Министерството за култура немаат ништо против ако за свадбата се користи само кафеанскиот дел на Музејот. Уметниците со кои разговаравме се скандализирани од овој чин. Наспроти нив, семејствата на младенците подготвуваат гранде-веселба каква што Скопје не видело.**

Директорот Петровски прифатил Музејот да биде домаќин на семејната веселба, на посватувањето меѓу газдите на "Кометал" и "Орка", од чисто маркетиншки причини. Според него, не е ниту чудно, ниту страшно, да се случи свадба во Музејот, "зашто тоа се прави секаде во светот". Тој вели дека ќе се користат само фоајето и терасата, што значи дека уметничките дела ќе бидат максимално заштитени.

Трифун Костовски, таткото на Олга, неодамна отвори фонд за култура во Македонската академија на науките и уметностите. Музејот е на буџет на Министерството за култура. Таму велат дека токму поради тоа, недозволиво е музејските простории да се користат за какви било манифестации што не се уметнички. Такви комерцијални потези на Музејот, сметаат во Министерството, се оправдани ако со нив се "штеди" државниот буџет и, особено, "ако не ја скврнават уметноста". "Музејот треба да мириса на платно и бои, а не на храна, па дури и да е кавијар", велат тие.

Еден истакнат скулптор, кој неодамна изложуваше во Музејот, вели дека е "апсолутно против одржувањето на тој чин во просторија што ни оддалеку не е за таа намена". Тој смета дека ниеден потег, колку и да е профитабилен, не се исплатува, ако со него е навредена уметноста. Сликарот Александар Јанкуловски е шокиран и засега "нема друг коментар за настанот, освен дека на тој начин се девалвираат и уметноста и Музејот како институција". За театарскиот режисер Владо Цветановски, пак, свадбата во Музејот е "инсталација на бесрамноста".

Наспроти овие коментари, семејствата Костовски и Камчеви подготвуваат гранде-веселба. Неофицијално се дознава дека се поканети повеќе од 1.200 гости. Ќе пеат Харис Џиновиќ и Здравко Чолиќ, а како можен гостин се најавуваше дури и Хулио Иглесијас. Кум ќе биде познатиот кошаркар Пеце Наумовски, а зетот за свадбен подарок ќе добие ново Ферари. Свадбата ќе заврши со огномет.

Ако е бал - нека е бал.

(И.И. - С.Т.)